# 441. ОРАЛ ДЕДО ШТО МИ ОРАЛ




Орал дедо што ми орал,
чул в селото тапан чука,
си распрегнал двата вола,
па ги вденал у два дола.

Па си ојде у селото,
у селото кај берберот,
си избрикол брадичката,
си потстрижил мустаќите.

Па се фанал на орото,
на орото кај момите,
па ги прашал: Убав ли сум,
убав ли сум, личен ли сум?

- Убав си ни, личен си ни,
како вампир сега си ни,
како прле постражено,
како маче гурелаво.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995